# Програма за витална поддршка на инфраструктурата (ПВПИ) – Програма за модернизација на М-НАВ – Преструктуирање

Земја:
Северна Македонија

Број на проект:
53184

Деловен сектор:
Транспорт

Вид на инвестиција:
Државен сектор

Датум на одобрување:
15 Декември 2021

Статус:
**Во фаза на разгледување**

Планиран датум за одобрување::
12 Октомври 2021

## Опис на проектот

Обезбедување на долгорочен кредит до ЕУР 10 милиони на М-НАВ, Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација на Република Северна Македонија (,,компанијата''), и постоечки клиент на Банката. Кредитот ќе биде ко-финансиран со долгорочен кредит од локална банка во износ до ЕУР 5 милиони. Активностите ќе се искористат за рефинансирање на постоечката изложенсот на Банката под М-НАВ проектот за модернизација (број на проект 44067), со финансирање на капексот од постоечкиот проект и обезбедување на поддршка на ликвидноста.

# Цели на проектот

Проектот има за цел да го поддржи М-НАВ, кој е под негативно влијание на драстичното зголемување на воздушниот сообраќај, заради Ковид-19, со обезбедување на финансирање на капекс и поддршка на ликвидноста.Кредитот на ЕБОР ќе ги финансира трите преостанати договори од Проектот за модернизација на М-НАВ  (Менаџмент на воздухопловниот сообраќај-МВС, Прекинувач на говорната комуникација-ПГК и Мод 5 радар во Скопје). Кредитот од локалната банка ќе се искористи за рефинансирање на постоечката изложеност на ЕБОР за да се обезбеди поддршка на ликвидноста. Предложената трансакција е усогласена со Програма за витална поддршка на инфраструктурата (ПВПИ) од Пакетот за солидарност за КОВИД-19 на Банката.

# Влијание врз транзицијата

Проектот ќе ги има следниве квалитети во однос на влијание врз транзицијата:

*Отпорен:* Проектот ќе обезбеди поддршка на финансирање на капексот и ликвидноста, како поддршка на клиентот во јавниот сектор, кој сериозно бил погоден од Ковид-19.

*Добро владеење:*  Проектот ќе обезбеди завршување на инвестициската програма под Проектот за модернизација на М-НАВ (44067), кој ќе го поддржи М-НАВ во приклучување кон Иницијативата за Југо-Источното заедничко небо Слободна рута на воздушниот простор (South East Common Sky Initiative Free Route Airspace-SECSI FRA). Оваа иницијатива ја претставува најкратката рута во регионот, наменета за скратување на времето на летање и заштита на човековата околина заради пониските емисии на $CO_2$ и помалата потрошувачка на гориво.

# Информации за клиентот

М-НАВ Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација на Република Северна Македонија.

Позајмувачот е М-НАВ Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација на Република Северна Македонија (,,М-НАВ",  ,,компанијата"). М-НАВ е одговорна за (i) обезбедување на услуги во воздухопловната навигација долж македонскиот воздушен простор  (,,навигација на пат") како и за услуги на терминална зграда на двата аеродрома во земјата, Скопје и Охрид; (ii) обезбедување на контрола на воздушниот простор и услуги на предупредување; (iii) собирање, обработка и издавање на аеронаутички информации; (iv) процедури за воздушен простор и летови и (v) метереолошки и други услуги.

# Резиме на финансирањето на ЕБОР

ЕУР 10.000.000,00
Долгорочен кредит од ЕУР 10.000.000,00

# Вкупна вредност на проектот

Вкупната вредност на проектот е ЕУР 15.000.000,00

# Додадена вредност

Одговор на КОВИД-19 кризата: проектот обезбеди финансирање на капексот и поддршка на ликвидноста во неповолни пазарни услови, на пример КОВИД-19 кризата.

# Еколошко и социјално резиме

Категоризирано Б (2019 ESP).

Потенцијалното еколошко и социјално влијание на проектите, проценето за време на иницијалната проценка на проектот во 2012 година, како дел од еколошката и социјалната проценка се смета за ограничено, специфично за одредена локација и истото е разгледано преку мерки на ублажување, кои влијаат на Еколошкиот и социјалниот акционен план (ЕСАП), кој е навремено развиен за да структуира проект кој ќе ги задоволи Барањата за реализација од 2008 година, согласно Социјалната и еколошката политика.

Проектот вклучува подобрување на безбедноста на воздухопловната навигација и & помага на Северна Македонија да биде усогласена со барањата на Меѓународната воздухопловна безбедност (ICAO) .

Еколошката и социјалната проценка (ЕСП) е во тек. Истата треба да направи повторна проценка на еколошките и социјалните аспекти, поврзани со проектот и моменталното работење на Клиентот во однос на новата Еколошка и социјална политика (2019), вклучувајќи го и одговорот на КОВИД-19. Врз основа на резултатите од ЕСП, ќе се развие ажуриран ЕСАП, а со клиентите ќе се договори да се разгледаат корективните и ублажувачките мерки кои треба дополнитено да бидат имплементирани, со цел да се менаџира остатокот од еколошките и социјалните ризици, и да се структуира проектот за да биде усогласен со Еколошката и социјалната политика на ЕБОР од 2019 година.

Резимето на проектот ќе биде ажурирано откако ЕСП е завршена и ќе ги резимира резултатите

# Техничка соработка и финансирање на грант

Следните активности од техничката соработка („ ТС") се планирани како дел од овој Проект:

- Помош на Одделот за имплементација на проектот
- Безбедносен случај
- Обука – освежување на знаењето за Слободна рута на воздушниот простор ,

Иницијатива на Југо-Источното заедничко небо (South East Common Sky Initiative Free Route Airspace - SECSI FRA ).

# Контакт информации за компанијата

Фахрудин Хамиди
info@mnavigation.mk
+389 (0) 2 3 148 100
+389 (0) 2 3 148 239
https://mnavigation.m-nav.info/?lang=en
М-НАВ Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација на Република Северна Македонија
Босфор 7, Мралино, Илинден, Република Северна Македонија

# Последно ажурирање на Резимето на проектот

12 Октомври 2021

# Разбирање на транзицијата

Натамошни информации поврзани со пристапот на ЕБОР за мерење на влијанието на транзицијата се достапни тука.

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.
За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) контактирајте нé на:
Телефон: +44 20 7338 7168
Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com
За проектите на Банката со државниот сектор,  посетете ја веб страната Набавки на ЕБОР:
Телефон: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За сите прашања околу проектите, можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на „еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во мониторинг на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи соодветна активност. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик во земјите каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

# Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк - Пристап до политики за информирање, за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се доставaт преку Формуларот за прашања за ЕБОР.

# Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизам на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање, и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено спречувајќи идни неусогласувања со Банката.
Посетете ја веб страната Независен механизам за проектната отчетност (НМПО) за да дознаете повеќе за активностите и мандатот на истиот. Можете да поднесете барање за ревидирање или директно да го контактирате НМПО на електронската адреса ipam@ebrd.com за да добиете упатства и повеќе информации за НМПО и за начинот на поднесување барање.